# Ѕвони



Ѕвони...
Во ова прво септемвриско утро
повесел е чинам целиот свет
и секое дете кон школо ита
како да е птица во радосен лет!

1. Песната е составена од _____ строфи.
2. Секој ред од строфата се вика ________.
3. Секоја строфа е составена од по ___ стиха.
4. Целата песна е напишана во _____стиха.

Ѕвони...
Како сина далга во широко море
се разлева ѕвонот очекуван, драг.
Пред школските врати отворени ширум
во редици деца застанале пак!



Ѕвони...
Дали има нешто поубаво денес
од тој ѕвонлив, милозвуен глас,
што в градови, села децата ги собра
в училници светли на првиот час!

Душко Аврамов

- Колку строфи има во песната? Над секоја строфа во празното поле запиши соодветно

3.строфа 1.строфа 2.строфа

# ЛОГИЧКИ И НЕЛОГИЧКИ РЕЧЕНИЦИ

❖ Прочитај го текстот и потцртај ги речениците кои не се логични. Подреди ги редоследно зборовите во речениците, а потоа препиши го правилно целиот текст.

## НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

3 5 2 4 1

Е убаво училиште многу нашето. Има два спрата. Светли се и училниците големи. Училница слетуваат на прозорците во нашата гулаби. Ги храниме со ронки од ужинките.

Посадени двор се во липи млади училишниот. Шири се насекаде мирис убав липите од. За време на одморот децата седат на клупи . Слуша врева насекаде детска се.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Направи цртеж соодветен на содржина на текстот

resursi.literatura.mk

# ЗДРАВА ХРАНА ЗА ДЕТСТВО БЕЗ МАНА
## ИДЕНТИФИКУВА ЛИКОВИ ВО СЛУШНАТ ТЕКСТ

- Прочитај го гласно дадениот текст и потсети се  каде го имаш слушнато.

Потоа побарај го дадениот линк и прочитај го повторно за да можиш да одговориш на прашањата.     https://www.youtube.com/watch?v=pnFi2HOIes0

| | |
|---|---|
| **Здрава храна за детство без мана**<br>Утрово се разбудив и кивнав гласно<br>ми светна нешто силно и ми стана јасно<br>веднаш готварска капа на глава ставам<br>чудесии разни со храна правам.<br><br>Половина компир се претвори во бротче,<br>од морковот добив портокалово топче,<br>ко мастило црта планинскиот мед<br>млекото го снема дур изброив до пет.<br><br>Ајде деца сега пробајте и вие<br>зеленчукот слатки тајни крие<br>но овошјето штом слушна<br>се побуни и стана<br>јас сум здарва храна<br>за детство без мана. | Брокула, рукола, марула со крила<br>грашок, цвекло ,зелка<br>спанаќ дава сила.<br><br>Грозје, сливи, вишни, кивија и круши<br>Кајсии, праски, цреши за на уши<br>Капата на глава, лажицата во рака<br>Прави чудни форми кој како сака<br>хамбургери, чварки, помфрити,паштети<br>не јадете често тоа е ви штети.<br>Цветко и брокула бенд<br> |

- Како се вика детската емисија?

___

- Кои ликови ги знаеш од серијата?

___

- Зошто песната има наслов ,, **Здрава храна за детство без мана“?**

___

- Кој дел од текстот треба да се прочита гласно. Зошто мислиш така?

___

- Како е најдобро да се зборува за да бидеш разбран/а или внимателно ислушан?

___

resursi.literatura.mk

# ИСКАЖУВАЊЕ МИСЛЕЊЕ

Прочитај ги внимателно проблемските ситуации.  Искажи го свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот.

Твојата топка паднала во соседниот двор. Соседот не дозволува влегување без прашање, а играта е во тек... Што ќе направиш?

Во автобус влегува дедо со бастун. Ти седиш на седиште и држиш во рацете изработена макета за сообраќај. Како ќе постапиш?

Заборави да ја прочиташ лектирата„ Шеќерна приказна“. Наставничката ќе даде работен лист на часот за оценка. Што ќе направиш?

resursi.literatura.mk

## Волци и кучиња

Волците им рекоа на кучињата:

„Ако сте веќе во се како нас, а само се разликувате во начинот на размислување зошто не сте ни браќа? Ние си живееме како сакаме, а вие име се покорувате и им робувате на луѓето. Дури добивате и удари од нив , а некои од вас им ги чуваат и овците и јагнињата. Кога пак тие јадат вас ви ги фрлаат коските. Ако сакате да бидеме браќа и да живеете слободно како нас дојдете кај нас и дајте ни ги нивните овци.“

Кучињата се сложиле на предлогот на волците и им дозволиле да влезат во трлата. Како влегле волците во трлото прво ги нападнале кучињата, а потоа си ги земале овците.

Езоп

**Поука - Како се однесуваш - таква награда добиваш.**

- Каде живеат волците, а каде кучињата?

__________________________________________________

- Зошто волците не можеле да влезат лесно во трлата?

__________________________________________________

- Со која итрина успеале волците да ги земат овците?

__________________________________________________

- Прочитај ја пораката под басната и одговори на прашањето:

  Кого го предале кучињата?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

- Оваа басна се зборува за

а) за почит и непочит б) за правда и неправда в) за слога и неслога
г) за верност и предавање д) за мудрост и глупост

- Означи го соодветното поле со знакот X за особините на волците, а со штикла за особините на кучињата.

| | домашни животни | диви животни | итри | Чувари на домот | лоши | наивни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| волци | | | | | | |
| кучиња | | | | | | |

За секое животно според особините претставени во басната напиши по една реченица.

**1.** ______________________________________________________________

**2.** ______________________________________________________________

resursi.literatura.mk

# ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ

Прочитај го текстот „Есенска прошетка“ и состави прашања за содржината со примена на понудените прашални зборчиња. Потоа одговори ги прашањата со целосна реченица.

## ЕСЕНСКА ПРОШЕТКА

Беше пријатен есенски ден и одлучивме со моите верни другари Христина и Горан да одиме до блискиот парк. На небото имаше сивкасти облаци, па решив да го земам и шарениот чадор.

Се чекавме кај стариот чинар во десет часот. Јас стигнав прва. Северно ветре поддувнуваше и ми ја креваше долгата коса. Добро беше што си го облеков топлиот и долг мантил . Времето за брзо може да се промени. Таква е есента. Променлива, дождлива, ветровита, студена.

Слушнав чекори врз сронетите лисја на чинарот. Пристигнаа двајцата, точно на време.

- Убаво е што решивме овој ден да го искористиме за прошетка во гратскиот парк. Ова се последните денови во кои можеме да уживаме, пред да настапат дождливите денови- им реков.
- Есенска прошетка на највeрните другари- така ќе си ја наречеме оваа наша денешна средба- рече Христина.
- - Ајде , да не се предомисли времето и да не изнанади со дожд- се пошегува Горан
- Тргнуваме! – извикавме во еден глас

Наташа Тодоровска

| Кој? | Што? | Каде? | Кога? | Како? | Зошто? |
|---|---|---|---|---|---|

Прашање: ______________________________________________________

Одговор: ________________________________________________________

Прашање: ______________________________________________________

Одговор: ________________________________________________________

Прашање: ______________________________________________________

Одговор: ________________________________________________________

Прашање: ______________________________________________________

Одговор: ________________________________________________________

resursi.literatura.mk